## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 15, став (12) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14 и 33/15), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КВАРТАЛНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР

I. ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на кварталниот план за работа на секој инспектор (во натамошниот текст: Кварталниот план).

II. ФОРМА НА КВАРТАЛНИОТ ПЛАН

**Член 2**

(1) Кварталниот плани ма насловна страна и останати страници.

(2) Насловната страна содржи:
- Заглавие - го содржи логото на инспекциската служба;
- Средина - го содржи насловот на Кварталниот план;
- Подножје - содржи месец и година на донесување на Кварталниот план.

(3) Останатите страници содржат:
- Заглавие (header) - го содржи логото на инспекциската служба и називот на Кварталниот план;
- Подножје (footer) - содржи месец и година на потпишување на Кварталниот план.

(4) Текстот на Кварталниот план завршува со потписникот кој стои од десната страна. Под овој текст од левата страна се запишува архивскиот број на Кварталниот план, а под архивскиот број се запишува местото и датумот на изготвување на Кварталниот план. Под овој текст на еден примерок од Кварталниот план се испишуваат името и презимето на одговорните лица за изработка, одобрување и согласност. Под овој текст се испишува организационата единица која гоподготвила Кварталниот плани примателите на Кварталниот план.

III. СОДРЖИНА НА КВАРТАЛНИОТ ПЛАН

**Член 3**

Кварталниот план ја има следнава содржина: воведен дел, главен дел и завршен дел.

**Член 4**

(1) Воведниот дел содржи: вовед, назив на Кварталниот план (на пр.: број на квартал, година, назив на инспекциската служба и сл.) и општи одредби.

(2) Воведот се наоѓа на почеток на текстот и содржи информација за законскиот основ за донесување на Кварталниот план, односно овластувањето за негово донесување. Во воведот не се користат скратеници.

(3) Целиот назив на Кварталниот план се испишува под воведот, во центарот на страницата, како наслов. Називот на Кварталниот план е со големина на фонт 11 и стил на букви „болд" испишани само со големи букви.

(4) Општите одредби од Кварталниот план се испишуваат под целиот назив на Кварталниот план. Општите одредби содржат основна кратка информација за предметот на Кварталниот план. Општите одредби по правило се наведуваат во еден став, а по исклучок доколку предметот треба да се дообјасни, овие одредби може да се поделат и во повеќе ставови.

**Член 5**

Главниот дел од Кварталниот план во зависност од должината и сложеноста може да содржи глави, точки и алинеи.

**Член 6**

Главниот дел од Кварталниот план содржи:
- Појдовни основи за подготовка на Кварталниот план;
- Анализа на очекувана состојба во областа на инспекцискиот надзор;
- Планирани инспекциски надзори по закони;
- Критериуми за утврдување на ризиците;
- Ризични области;
- Број на субјекти на инспекциски надзор;
- План на минимални квантитативни цели;
- Број на инспектори по вид, звање и вкупно;
- Сложеност на инспекцискиот надзор;
- Планирани инспекциски надзори по инспектор;
- Начин на следење и оценување на реализацијата на Кварталниот план.

**Појдовни основи за подготовка на Кварталниот план**

**Член 7**

Делот „Појдовни основи за подготовка на Кварталниот план“ содржи информации за основите за подготовка на Кварталниот план (како што се на пример: одредби од годишната програма за работа на инспекциската служба, споредба, табеларна и текстуална, со претходни квартали и периоди, задачи и насоки од Владата на Република Македонија итн.), како и образложение за поврзаноста со реализацијата на годишната програма за работа на инспекциската служба.

**Анализа на очекувана состојба во областа на инспекцискиот надзор**

**Член 8**

Делот „Анализа на очекувана состојба во областа на инспекцискиот надзор“ содржи проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор во кварталот од аспект на ризиците за неприменување на прописите, како и образложение за претпоставките врз чија основа е направена проценката, со споредба со претходниот квартал и период.

**Планирани инспекциски надзори по закони**

**Член 9**

Делот „Планирани инспекциски надзори по закони“ содржи табеларни прегледи и образложение за законите кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во квраталот, бројот на инспекциски надзори, споредба со претходниот квартал и период, други информации и податоци релевантни за процесот на планирање, како и образложение за поврзаноста со реализацијата на годишната програма за работа на инспекциската служба.

**Критериуми за утврдување на ризиците**

**Член 10**

Делот „Критериуми за утврдување на ризиците“ содржи критетриуми за утврдување на ризиците врз чии основи се утврдуваат областите и субјектите кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во планскиот квартал, како и потребата од координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби.

**Ризични области**

**Член 11**

Делот „Ризични области“ содржи конкретни податоци за дефинираните ризични области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во кварталот (според инспекциските надлежности на инспекциската служба кои произлегуваат од законите и други акти, заедно со образложение за критериумите врз чија основа се дефинирани ризичните области), образложение за применетите критериуми за утврдување на ризиците од делот од член 10

од овој правилник, како и образложение за поврзаноста со реализацијата на годишната програма за работа на инспекциската служба.

**Број на субјекти на инспекциски надзор**

**Член 12**

Делот „Број на субјекти на инспекциски надзор“ содржи број и вид на субјектите на инспекциски надзор кај кои ќе се врши инспекциски надзор, како и потенцијални субјекти за вонреден инспекциски надзор, споредба со претходен квартал и период, а согласно критериумите за утврдување на ризиците од делот од член 10 од овој правилник, како и врз основа на законски и други основи.

**План на минимални квантитативни цели**

**Член 13**

Делот „План на минимални квантитативни цели“ содржи табеларен преглед на број на планирани откривања на неправилности по ризични области, вид и степен на сложеност на инспекциски надзор, по организациони единици во инспекциската служба (ако постојат), по месеци во кварталот, а кои неправилности подлежат на едукација, мандатно казнување, прекршочна и кривична одговорност или на други инспекциски мерки, заедно со образложение за критериумите врз чија основа се утврдени минималните квантитативни цели, поврзаност со реализацијата на годишната програма за работана инспекциската служба, споредба со претходни квартали или периоди и сл.

**Број на инспектори по вид, звање и вкупно**

**Член 14**

Делот „Број на инспектори по вид, звање и вкупно“ содржи табеларни прегледи и информации за бројот на инспектори кои ќе можат да вршат инспекциски надзор во кварталот, според вид и звање на инспектор, споредба со претходен квартал и периоди, како и образложенија за специфичности во работните обврски на одредени инспектори како основа кои влијаат врз планирањето на бројот и сложеноста на инспекцискиот надзор по секој инспектор.

**Сложеност на инспекцискиот надзор**

**Член 15**

Делот „Сложеност на инспекцискиот надзор“ содржи табеларен преглед на вредноста на коефициентот на сложеност на најмалку пет категории на сложеност на инспекцискиот надзор, кои се применуваат при пресметката на вредноста на инспекцискиот надзор за секој инспектор, од кои првата категорија е со најнизок, а петтата категорија со највисок

коефициент на сложеност, заедно со образложение за начинот на вреднување на четирите критериуми утврдени во Законот за инспекциски надзор, и тоа:
- број на прописи (или распон од - до) кои се предмет на инспекцискиот надзор (законски и подзаконски акти),
- број на субјекти (или од - до) врз кои се врши инспекцискиот надзор,
- време (или од - до) потребно за извршување на инспекцискиот надзор,
- висина (или распон од - до) на предвидената глоба.

**Планирани инспекциски надзори по инспектор**

**Член 16**

Планираните инспекциски надзори по инспектор се наведуваат на Образец „Преглед на инспекциски надзори за секој инспектор“ (во натамошниот текст: Прегледот), кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 17**

(1) Прегледот се пополнува на следниот начин:

1. Во осенчаното поле после текстот „ОБРАЗЕЦ: ПРЕГЛЕД НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ ЗА СЕКОЈ ИНСПЕКТОР ЗА:“ со големи римски броеви се внесува кварталот, а во осенченото поле после зборот „КВАРТАЛ“ со големи броеви се внесува годината за која се однесува Кварталниот план.

2. Во осенчаното поле после текстот: „ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА:“ со големи букви се внесува називот на инспекциската служба.

3. Во колоната бр. 1: „Ред. бр.“ се внесува редниот број на инспекторот идентичен на редниот број на инспекторот по кој е пријавен во колона бр. 1: „Ред. бр.“ од Образецот бр. 10 „Регистар на инспектори“ од Правилникот за видот, формата и содржината на регистрите од интерес на Инспекцискиот совет, со што се врши опфаќање на сите инспектори во инспекциската служба.

4. Во делот „Податоци за инспекторот“, во колона бр. 2: „Име“ се внесува името на инспекторот, во колона бр. 3: „Презиме“ се внесува презимето на инспекторот, во колона бр. 4: „Легитимација“ бројот на легитимацијата, а во колона бр. 5: „Вид“ шифрата на видот на инспектор, сите усогласени со соодветните полиња од Образецот бр. 10 „Регистар на инспектори“ од Правилникот за видот, формата и содржината на регистрите од интерес на Инспекцискиот совет. Во колоната бр. 6: „Звање“ се внесува звањето на инспекторот согласно член 22-в од Законот за инспекциски надзор.

5. Делот „План на број и сложеност на инспекциски надзори по инспектор“

- Подделот „Q1“ содржи број на планирани инспекциски надзори со најмал коефициент на сложеност, при што во колона бр. 7: „1“ се внесува планираниот број на редовни инспекциски надзори, во колона бр. 8: „2“ контролни инспекциски надзори, во колона бр. 9: „3“ вонредни инспекциски надзори, во колона бр. 10: „Σ“ се внесува збирот на планирани редовни, контролни и воредни инспекциски надзори, а во колоната бр. 11: „Вредност“ се внесува производот од колона бр. 11 и коефициентот на сложеност, како вкупна вредност на инспекцискиот надзор по инспектор за соодветниот вид на сложеност. После пополнување на податоците за последниот инспектор, во колоните бр. 7, 8, 9 и 10 се внесува збир на планираните инспекциски надзори според вид на иснпекциски надзор, за целата иснпекциска служба;

- Пододделите „Q2“, „Q3“ „Q4“ и „Q5“ се пополнуваат на идентичен начин како и пододделот „Q1“, со примена на соодветниот коефициент на сложеност на инспецкисот надзор;

- Во пододделот „Вкупно“ во колоните бр. 32, 33 и 34 се внесуваат збир за видовите на планирани инспекциски надзор според коефициентот на сложеност за секој инспектор, во клоната бр. 35 се внесува збирот на планирани инспекциски надзори за сите видови, а во колоната бр. 36 се внесува збирот на вредностите на инспекциски надзор за сите видови на планирани инспекциски надзори. После пополнување на податоците за последниот инспектор, се внесува збир на планираните инспекциски надзори според вид на инспекциски надзор, за целата иснпекциска служба.

6. Во делот „Инспекторски мерки по инспектор“ во колона бр. 37: „Решенија“ се внесува бројот на планирани управни решенија за утврдени состојби со инспекцискиот надзор, по инспектор, во колона бр. 38: „Едукации“ се внесува бројот на планирани едукации по инспектор, во колона бр. 39: „Мандатни“ се внесува планираниот број мандатни казни по инспектор, во колоната бр.: 40 „Порамнување“ се внесува планираниот број на покани за порамнување по инспектор, во колоната бр. 41: „Прекршочни“ се внесува планираниот број на прекршочни пријави по инспектор, во колоната бр. 42: „Кривични“ се внесува планираниот број на кривични пријави по инспектор, а во колона бр. 43: „Σ“ се внесува збирот на сите колони во овој дел. После пополнување на податоците за последниот инспектор, се внесува збир на планираните инспекторски мерки, за целата инспекциска служба.

(2) Покрај Прегледот, делот „Планирани инспекциски надзори по инспектор“ содржи образложение за основните критериуми и принципи за утрвдување на планот за инспекциски надзори според сложеност на инспекциски надзор по инспектор, како и за поврзаноста со реализацијата на годишната програма за работа на инспекциската служба, споредби и други информации и податоци со кои поблиску се објаснува Прегледот.

**Начин на следење и оценување на реализацијата на Кварталниот план**

**Член 18**

Делот „Начин на следење и оценување на реализацијата на Кварталниот план“ содржи индикатори за следење и критериуми за оценување на реализацијата на Кварталниот план.

IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ НА КВАРТАЛНИОТ ПЛАН

**Член 19**

Завршниот дел од Кваталниот план содржи информации за:
- надлежноста за постапување и спроведување на Кварталниот план,
- надлежност за предлагање на измени и/или дополнување на Кварталниот план,
- надлежност и начин на следење на спроведувањето на Кварталниот план,
- надлежност за анализирање и оценување и информирање на раководството за статусот на реализација на Кварталниот план,
- начинот на запознавање на вработените со Кварталниот план, вклучително и задолжувањето на раководителите да ги запознаат вработените со Кварталниот планво организационите единици со кои раководат,
- одредба за одговорноста за постапување спротивно на Кварталниот план,
- одредба за влегување во сила на Кварталниот план.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 20**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12/1-1133/1
17 март 2015 година
Скопје

Министер
за информатичко општество
и администрација,
м-р **Иво Ивановски,** с.р.